Врз основа на член 11 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/13, бр. 41/14, бр. 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18), член 13 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 77/13, 166/18 и 173/18), член 46, 47, 48 и 49 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18) и Одлука бр.0202-53044/1 од 27.12.2018 година донесена од Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, Комисијата за конечно оттуѓување на движни ствари, формирана со Решение бр. 0204-18630/7 од 26.11.2018 година, ја дава следната

**ОБЈАВА бр.1/2019**
**за трета продажба на движни ствари- патнички моторни возила по пат на електронско јавно наддавање**

## I ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА СО ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДВАЊЕ

**1.** Предмет на продажба со елетронско јавно наддавање се движни ствари-патнички моторни возила:

| Р. бр. | марка и тип на возило | регистарска ознака | број на каросерија | година на производство | сила на мотор (KW) | работна зафатнина | боја | почетна цена во денари | број и датум на проценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Форд Фиеста | SK 246 PG | WFOHXXWPJIH6B35005 | 2006 | 55 | 1242 | MET.SIVA/7F | 60.200,00 | CB V 151-2/18 19.11.2018 |
| 2 | Форд Фиеста | SK 801 PS | WFOHXXWPJIH6B35044 | 2006 | 55 | 1242 | MET.SIVA/7F | 60.200,00 | CB V 151-2/18 19.11.2018 |
| 3 | Цитроен Ц4 | SK 995 UK | WF7LCKFUC74228812 | 2005 | 65 | 1360 | CRVENA/76 | 75.500,00 | CB V 151-2/18 19.11.2018 |
| 4 | Цитроен Ц4 | SK 803 OZ | WF7LCKFUC74288131 | 2005 | 65 | 1360 | MET.OKER/4F | 75.500,00 | CB V 151-2/18 19.11.2018 |
| 5 | Форд Ц Макс | SK 320 PB | WF0MXXGCDM1D12765 | 2006 | 92 | 1798 | MET.SIVA/7F | 101.100,00 | CB V 151-2/18 19.11.2018 |
| 6 | Хјундаи Акцент | SK 917 OG | KMHCG51FP40245728 | 2004 | 62 | 1341 | MET.SIVA/7F | 52.200,00 | CB V 151-2/18 19.11.2018 |
| 7 | Хјундаи Акцент | SK 916 OG | KMHCG51FP4U226830 | 2004 | 62 | 1341 | CRVENA/75 | 52.200,00 | CB V 151-2/18 19.11.2018 |
| 8 | Хјундаи Акцент | SK 915 OG | KMHCG51FP4U226842 | 2004 | 62 | 1341 | MET. SINA/98 | 52.200,00 | CB V 151-2/18 19.11.2018 |
| 9 | Шкода Фелиција | SK 794 JS | TMBEEA413S0014502 | 1995 | 43 | 1296 | BELA/01 | 17.200,00 | CB V 151-2/18 19.11.2018 |
| 10 | Лада Нива | SK 728 OH | XTA21230Y1490818 | 2000 | 58 | 1690 | TEMNO SINA | 41.500,00 | CB V 151-2/18 19.11.2018 |
| 11 | Лада Нива | SK 144 NE | XTA21214031723214 | 2003 | 59.5 | 1690 | BELA/01 | 43.700,00 | CB V 151-2/18 19.11.2018 |
| 12 | Лада Нива | SK 149 NE | XTA21214031723245 | 2003 | 59.5 | 1690 | BELA/01 | 43.700,00 | CB V 151-2/18 19.11.2018 |
| 13 | Форд Фиеста | SK 937 PS | JH6A00235 | 2006 | 55 | 1242 | MET.SIVA/7F | 60.200,00 | CB V 151-2/18 19.11.2018 |
| 14 | Форд Фиеста | SK 935 PS | WF0HXXGAJH5R75845 | 2006 | 55 | 1242 | MET.SIVA/7F | 60.200,00 | CB V 151-2/18 19.11.2018 |

Наведените движни ствари- патнички моторни возила се наоѓаат во Скопје, на ул. Трифун Хаџи Јанев бр.4., освен возилото Лада Нива, SK 144 NE, XTA21214031723214, кое се наоѓа во Демир Хисар и возилото Хјундаи Акцент, SK 915 OG, KMHCG51FP4U226842, кое се наоѓа во Неготино.

**2.** Движните ствари- патнички моторни возила, содржани во табелата од точка 1, се продаваат збирно по системот видено- купено. Дополнителни рекламации нема да се примаат.
**3.** Вкупната проценета вредност на движните ствари од точка 1 изнесува 795.600 денари.
**4.** Почетна цена за електронското јавно наддавање на движните ствари од точка 1 изнесува 795.600 денари.
**5.** Банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 15.912 денари, односно 2% од проценетата вредност на движните ствари од точка 1, со важност од 45 дена од денот на издавањето.
**6.** Јавното наддавање на движните ствари- патнички моторни возила од точка 1 ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање на ден 04.04.2019 година со почеток во 10:00 часот.

## II ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на електронското јавно наддавање имаат сите домашни и странски физички и правни лица кои можат да се стекнат со право на сопственост на движни ствари на територијата на Република Македонија согласно законските прописи.

## III ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Пријавувањето за учество на јавното наддавање се врши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk.
Во прилог на пријавата, подносителите треба да прикачат:
**а) за правни лица:**
- Тековна состојба од Централниот регистар на Република Македонија, односно соодветен документ издаден од надлежен орган од земјата каде што е регистриран правниот субјект не постар од 6 месеци од денот на издавањето.

**б) за физички лица:**
- Копија од важечка лична карта или патна исправа.

Банкарската гаранција во висина од 2% од проценетата вредност во износ од 15.912 денари за движните ствари од точка 1 од истекот на рокот за пријавување се поднесува и во писмена форма (во оригинал) до Комисијата за конечно оттуѓување на движни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности, на адреса: ул. Трифун Хаџи Јанев бр.4, Скопје.
Истот важи и за сите останати документи.

## IV РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

За учество на електронското јавно наддавање, учесниците се должни електронски да се пријават до истекот на 15 дена сметано од денот на објавување на објавата во дневните весници и на интернет страницата www.e-aukcii.finance.gov.mk.
Комисијата, на подносителите кои во системот за електронско јавно наддавање се пријавиле со комплетната документација во прилог, наведени во точка III од објавата, во рок од 3 дена по истекот на времетраењето на објавата ќе им достави корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација ќе им достави известување со образложение дека немаат право да учествуваат на јавното наддавање.

Учесниците се должни пријавата и банкарската гаранција да ги достават најдоцна до 30.03.2019 година.

## V НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

**1.** Јавното наддавање се спроведува во согласност со одредбите од член 26 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18).

**2.** За да се одржи јавното наддавање, потребно е да има најмалку 1 учесник.

**3.** За најповолен понудувач се смета учесникот што понудил последна цена, која претставува највисока цена за продажба на движните ствари.

**4.** Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 дена од приемот на писменото известување за избор, да уплати средства согласно постигнатата крајна цена од наддавањето, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкараската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана и понудувачот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните движни ствари во период од една година.

**5.** Директорот на Агенцијата за катастар на недвижности ќе склучи договор за купопродажба со најповолниот понудувач во рок од 15 работни дена по извршената уплата на цената на движните ствари.

Данокот на промет и нотарските трошоци за солемнизација на договорот за купопродажба на движните ствари ќе ги сноси купувачот- најповолен понудувач.

**6.** Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката за јавното наддавање. Приговорот се доставува до Комисијата за конечно оттуѓување на движни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности во рок од 3 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање. Комисијата одлучува по приговорот со решение во рок од 5 дена од приемот на приговорот. Против решението на комисијата миже да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## VI ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА НА КОЈА ЌЕ СЕ ОДРЖИ ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Јавното наддвање ќе се изврши електронски на следната интернет:
www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Комисија за конечно оттуѓување на движни ствари
на Агенцијата за катастар на недвижности